# Извадок на дел од дневни настани 15.08.2022

Денеска (15.08.2022) околу 08.00 часот на Граничен премин Табановце, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.Ј.(43) од Скопје. Тој се барал за издржување на определена мерка притвор поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „даночно затајување" по чл.279 ст.2 од Кривичниот законик. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка по што ќе биде спроведен во казнено-поправна установа за издржување на притворот.

На 13.08.2022 во 22.50 часот на ул.„Васко Карангелески" во Битола, од полициски службеници од СВР Битола бил лишен од слобода М.С.(28) од Франција, со привремен престој во Битола и Р.С.(27) од Битола, затоа што при преглед кај нив и во патничко возило „смарт", со битолски регистарски ознаки, било пронајдено пакување со марихуана. Во координација со Јавен обвинител, по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.08.2022 во 23.00 часот на ул.„Васко Карангелевски" од страна на полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција – Одделение за недозволена трговија со дрога и оружје лишени се од слобода Д.Ч.(22) од Битола и сопатникот О.И.(28). При преглед на патничко возило управувано од Д.Ч., кај сопатникот О.И. била пронајдена и одземена марихуана. Во координација со Јавен обвинител против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.08.2022 Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 801 возач. Од нив, 69 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а 14 возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 494 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 307 надвор од населено место.

На 14.08.2022 во периодот од 14.00 до 20.00 часот полициски службеници од СВР Битола спроведоа засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната на територија на СВР Битола, при што санкционирани се 71 возачи. Од нив, 22 санкции се изречени на територија на Битола, 30 санкции во Ресен, 8 санкции на територија на Демир Хисар, по 5 санкции во Прилеп и во Македонски Брод и 1 санкција на територијата на Крушево.

На 14.08.2022 околу 11.00 часот во Полициската станица во Кавадарци било пријавено дека на фудбалскиот терен во рамки на детското одморалиште Михајлово - Кавадарци, каде престојувале ученици од основно училиште од Скопје, еден малолетник бил повреден откако пречката од голот се превртела и паднала. Малолетникот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза" Скопје. Увид извршила увидна екипа од Кавадарци.

На 14.08.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 84 прекршоци, од кои 49 надвор од населено место и 35 во населено место. Од нив 22 Штип, 18 Кочани, 15 Свети Николе, 13 Делчево, 6 Берово, 6 Виница и 4 Пробиштип. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. На 13/14.08.2022 во периодот од 22.00 до 04.00 часот на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Од извршената контрола било констатирано дека 11 возачи управувале возила под дејство на алкохол и тие биле исклучени од сообраќај, времено им биле одземени возачките дозволи и изготвени им биле прекршочни платни налози.

На 14.08.2022 во периодот од 15.00 до 20.00 часот на подрачје на СВР Струмица била спроведена контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле констатирани 54 прекршувања на брзината, од кои 18 на подрачје на Струмица, по 15 на подрачјата на Валандово и Радовиш и 6 на подрачје на Гевгелија. Сите констатирани прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 14.08.2022 во периодот од 14.00 до 20.00 часот полициски службеници од СВР Куманово спроведоа засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната на територија на СВР Куманово, при што санкционирани се 114 возачи. Од нив, 104 санкции се изречени на територија на Куманово, 8 санкции на територија на Кратово и 2 на територијата на Крива Паланка.

На 14.08.2022 околу 16.45 часот полициски службеници на СВР Тетово, во магацинот од неговата фирма на улица „Киро Ристевски-Дрнц" во Тетово, го пронашле 54-годишниот тетовец М.И., за кого на 12.08.2022 беше пријавено од страна на неговиот син дека се оддалечил од дома.

Полициски службеници на СВР Тетово на 14.08.2022 од 14 до 20 часот, спроведоа акциска контрола во која се изречени вкупно 149 мерки за пребрзо возење (ТЕ-119 и ГВ-30). 82 од мерките (ТЕ-52 и ГВ-30) се однесувале на возење со поголема брзина од максимално дозволената надвор од населено место, од кои 13 (ТЕ-5 и ГВ-8) биле за повеќе од 70 километри на час. Во контролата биле санкционирани и 67 возачи ( сите на територија на Тетово), кои ја пречекориле пропишаната брзина во населено место, од кои 5 за повеќе од 50 километри на час. Покрај тоа, со соодветни поднесоци заокружени се и 12 други видови прекршоци.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (14.08.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 164 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 94 санкции, 10 мерки за возење без возачка дозвола, шест санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли. Изречени се седум мерки за користење мобилен телефон, шест санкции за возење под дејство на алкохол, шест мерки за возач почетник...

На 14.08.2022 во 12.10 часот на автопатот „Пријателство", во близина на клучка Петровец, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „ауди А6", со српска национална ознака, управувано од М.Н. од Р.Србија и мотоцикл „хонда" со национална ознака на БиХ, управуван од В.М.(38) од БиХ. Во несреќата возачот на мотоциклот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза". Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 14.08.2022 во 12.40 часот на Граничен премин „Ќафасан" од полициски службеници бил лишен од слобода О.М.(38) од Р.Албанија. По извршените гранични проверки било констатирано дека во службената евиденција е на Стоп-листата со мерка "апси". Лицето е предадено на полициски службеници од Полициска станица Струга за понатамошна постапка.

На 15.08.2022 во 01.30 часот на Граничен премин „Табановце" од полициски службеници е приведен Т.И.Х.(47) од Р.Полска, кој управувал патничко возило „рено трафик", со полска национална ознака, затоа што при извршена пасошка контрола и проверки во службената евиденција било констатирано дека возилото според базата на податоци на Интерпол е предмет на потрага, затоа што е пријавено за украдено. Лицето и возилото се предадени на полициски службеници од Полициска станица Куманово за понатамошна постапка.

На 14.08.2022 во 22.50 часот во Полициска станица Центар, А.С.(46) од Скопје пријавил дека на ул.„Кеј 13 Ноември" неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 15.08.2022 во 00.50 часот во Полициска станица Аеродром, С.К.(27) од Велес пријавил дека на ул.„Симеон Кавракиров" бил каснат од куче скитник.

СВР Охрид поднесе кривична пријава В.Д.(28) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори". При контрола извршена на булеварот „Туристичка" во Охрид, полициските службеници кај пријавениот пронајдоа и одзедоа ќесе со марихуана и ќесе со амфетамини и хашиш.

Во периодот од 08.08.2022 до 14.08.2022 Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на неисполнување на пропишаните услови во однос на затемнувањето на стаклата на возилата. При контролата санкционирани се 17 учесници во сообраќајот. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против Б.Л.(71) од дебарското село Отишани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Тој во месноста „Манастирец", општина Центар Жупа, на парцела од 74,45 метри квадратни, без соодветно одобрение издадено од надлежен орган изградил викенд куќа, со што се стекнал со противправна имотна корист.

На 14.08.2022 година во 08.25 часот во СВР Велес било пријавено дека рибар кај место викано „Мало мовче" од водите на р.Вардар во Велес вади граната. Во содејство со Дирекцијата за заштита и спасување гранатата е обезбедена и извлечена од водите на реката Вардар. Увид извршила увидна екипа од СВР Велес.

На 14.08.2022 година во периодот од 15.00 до 20.00 часот, на подрачјето на СВР Охрид извршени се засилени акциски сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници санкционирале 92 возачи на моторни возила кои во и надвор од населено место ја надминале дозволената брзина на движење (Охрид-18, Струга-22, Кичево-47, Дебар-05).

ОВР Струга поднесе кривична пријава против С.С.(55) од струшкото село Долно Белица, поради постоење основи на сомнение за сторена „разбојничка кражба" и обид за обљуба. Тој на 10.08.2022 година околу 09.30 часот, на локален пат помеѓу струшките села Бицево и Ложани, физички нападнал 45-годишна жена со привремен престој во селото Ложани, се обидел да изврши обљуба и ѝ одзел личен предмет.

На 14.08.2022 во 13.40 часот во СВР Скопје, Р.И.(59) од Скопје пријавила дека околу 13.15 часот на подрачјето на Шуто Оризари, во дворот пронашла залутано зрно. Повредени лица нема.

Се работи на расчистување на случајот.

Во периодот 13/14.08.2022 полициски службеници од СВР Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните прописи, при што на подрачјето на СВР Куманово санкционирани се вкупно 224 возачи од кои 159 управувале возило со брзина поголема од пропишаната, 43 санкции за возачи кои управувале возило под дејство на алкохол, 9 за управување возило без возачка дозвола. Изречени се шест мерки за нерегистрирано возило, пет санкции за возач почетник и две останати.

На 14.08.2022 полициски службеници од Полициската станица Штип го лишиле од слобода В.П.(43) од Штип, бидејќи околу 21.00 часот во семејниот дом во Штип, по претходна вербална расправија, физички ги нападнал малолетната ќерка и неговата 40-годишна сопруга. По комплетирање на случајот против В.П. ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет